Врз основа на Меморандумот за соработка потпишан помеѓу Универзитетот Св. Кирил и Методиј и ОКТА АД - Скопје, на 11.08.2021 година, Машински факултет - Скопје распишува

**ОГЛАС**
**за доделување една стипендија на студент од втор циклус студии**

ОКТА АД - Скопје, (во натамошниот текст: ОКТА) доделува една стипендија на студентите кои во учебната 2021/2022 година првпат се запишуваат на втор циклус студии на Машински факултет - Скопје, на една од следните студиски програми:

- Индустриско инженерство и менаџмент (ИИМ);
- Материјали, заварување и конструктивно инженерство;
- Sustainable Energy and Environment.

## I. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИЈА

Право на стипендија има кандидатот кој ги исполнува следните услови:

1. Да има завршено прв циклус студии на Машински факултет - Скопје во траење од 8 семестри, со постигнат просечен успех од најмалку 8,00;
2. Да поседува сертификат како доказ за активно познавање англиски јазик;
3. Да не е корисник на стипендија од други даватели;
4. Да е државјанин на Република Северна Македонија;
5. Предност ќе имаат кандидати кои не се во редовен работен однос.

## II. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ

1. Пријава;
2. Копија од диплома/уверение за завршени академски студии од прв циклус и уверение за постигнат успех;
3. Уверение - потврда за активно познавање англиски јазик;
4. CV на македонски јазик.

## III. ВИСИНА НА СТИПЕНДИЈА

Стипендијата ги покрива трошоците за школарина во учебната 2021/2022 година во висина од 2.000 евра.

## IV. НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Крајниот рок за пријавување на кандидатите за користење на академската стипендија за студии од втор циклус е 04.10.2021 година. Документите може да се доставаат во архивата на факултетот или по пошта на адреса: Машински факултет - Скопје, ул. Руѓер Бошковиќ бр.18 - Скопје. Кандидатот ќе биде избран од страна на Комисија составена од претставници на ОКТА и претставници на факултетот, а за кандидатите кои ќе влезат во потесен круг ќе биде организирано интервју.

Контакт лице за дополнителни информации:
**Ирена Богдановска Дичов 02 25 32 226 / 076 465 282 / i.bogdanovska@helpe.gr**